РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Бр. 02-171/6
14.05. 2026 год.
ОХРИД

NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | т: +389 46 262 304 | ф: +389 46 241 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | t: +389 46 262 304 | f: +389 46 241 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) и член 12 став (2) алинеја 18 од Статутот на НУ Охридско лето - Охрид со број 01-114/13 од 10.04.2019, директорот на НУ Охридско лето - Охрид, донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по јавен оглас бр. 209/2026 за вработување на административен службеник во НУ Охридско лето - Охрид**

1. За извршител за работно место Советник за административни, општи и правни работи, во Одделение за административни, општи и правни работи, со шифра на работно место КУЛ0102В01002, се избира кандидатот:
   - **Љупка Петреска-Џамти,** со идентификациски код 4ВА72СЕ.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***Образложение***

По добиено Известување за обезбедени финаниски средства број 19-934/2 и 19-2307/2 од 12.03.2026 година од Министерството за финансии, на барање на НУ Охридско лето - Охрид, Агенцијата за администрација на ден 27.03.2026 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" и на својата интернет страница објави Јавен оглас број 209/2026 за вработување на еден административен службеник на неопределено време на работното место - Советник за административни, општи и правни работи во Одделение за административни, општи и правни работи во НУ „Охридско лето" Охрид.

Со Решение број 10-952/3 од 27.03.2026 година и Решение за изменување и дополнување на решението за формирање комисија за селекција за вработување по јавен оглас број 10-952/6 од 29.04.2026 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 209/2026 која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник.

Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 209/2026 на ден 15.04.2026 година спроведе административна селекција за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-952/5 од 15.04.2026 година. На ден 30.04.2026 година се спроведе испит за административен службеник за што комисијата состави Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-952/8 од 30.04.2026 година. На ден 07.05.2026 година комисијата за селекција за вработување спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју и состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-952/9 од 07.05.2026 година и подготви Конечна ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале фазите на постапката за селекција.

По спроведената постапка Комисијата за селекција за вработување достави Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 209/2026 со бр.10-952/10 од 08.05.2026 година (наш архивски бр.04-17/15 од 14.05.2026) до директорот на НУ Охридско лето - Охрид.

Согласно доставениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 209/2026 со бр.10-952/10 од 08.05.2026 година, директорот на НУ Охридско лето - Охрид, донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивнот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација, да поднесе жалба до Агенција за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

НУ ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД
**Директор**
**м-р Ѓорѓи Цуцковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ОХРИДСКО ЛЕТО * Охрид

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Агенција за администрација на РСМ; и
- Архива на НУ „Охридско лето“ Охрид